- Имаат големи промени во однесувањето кое не е соодветно на нивната возраст,
- Имаат модринки по телото,
- Немаат другарчиња, ниту време за играње,
- Немаат слобода на движење,
- Живеат во супстандардни услови,
- Превозот до земјата/регионот на дестинација ја платиле други лица, на кои треба да го отплатат долгот преку работа,
- Не располагаат со парични средства или располагаат со високи суми,
- Постои сознание дека некое дете е купувано/ продавано.

## Што можете да направите?

- Да им укажете медицинска помош!
- Да ги препознаете психо-физичките трауми кај жртвите!
- Да обезбедите документација за констатираните повреди и евентуалните последици!
- Да обезбедите биолошки материјали за различни анализи!
- Да ги заштитите жртвите од ревиктимизација!
- Да имате пријателски пристап кон нив !
- Да бидете доверливи и да го заштитите нивниот идентитет!
- Да ги споделите вашите сомнежи и да ги упатите до надлежна институција / организација!

## Кој врши упатување?

- полицијата,
- центрите за социјална работа,
- мобилни тимови,
- трудова инспекција,
- јавното обвинителство,
- образовни институции,
- здравствени институции,
- семејства или познаници,
- здруженија, меѓународни организации,
- амбасади или конзулати,
- лица кои вршат превоз,
- други физички и правни лица или
- лично пријавување до надлежните органи.

Упатување е известување до надлежните државни органи за лице/потенцијална жртва на трговија со луѓе, заради нејзино сместување на безбедно место и идентификување.

● За упатување на **странски потенцијални жртви** во Прифатен центар за странци надлежен орган е

**МВР- ЕТЛКМ / НЕСКМТЛ**

Тел. +389 2 314 2377; Моб.Тел. +389 70 383 896
Е-пошта: ljupco_markudov@moi.gov.mk

● За упатување на **домашни потенцијални жртви** во Центар за жртви на трговија со луѓе и жртви на сексуално насилство

**МТСП-НМУ/ЦСР**

Моб. Тел. +389 76 456 795 и +389 75 311 726

**ДОКОЛКУ ВИ Е ПОТРЕБАНА ПОМОШ ПОВИКАЈТЕ НЕКОЈ ОД ТЕЛЕФОНСКИТЕ БРОЕВИ**

Ако сте малтретирани или вашите права се повредени, јавете се на бесплатните броеви:

**Бесплатна СОС тел. линија 0800 11111**

со која работи Здружениети за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена порта-Ла страда", Скопје

Можност за пријавување на случаи на трговија со луѓе и на веб страната **www.redbutton.mvr.gov.mk**

**Други контакти:**

**Влада на Република Северна Македонија**
**Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција**
Тел: +389 2 323 8595, Факс: +389 2 314 2788,
www.nacionalnakomisija.gov.mk

**Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе "Отворена порта - Ла страда", Скопје**
Тел/Факс:+389 (0) 2700107, Моб.: +389 70 367 639,
Е-пошта: mvaroslija@lastrada.org.mk; lastrada@lastrada.org.mk

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа. Тука искажаните гледишта на никаков начин не може да се смета дека го одразуваат официјалното мислење на ниедна од страните.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа
EUROPEAN UNION
COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE
Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

# Трговија со луѓе:

## детекција, идентификување, упатување и помош на жртвите

## Што е трговија со луѓе

*Трговијата со луѓе* е општествен, повеќедимензионален, криминален и социјален проблем со кој се кршат основните човекови права и слободи на жртвите на тр-говија со луѓе. Република Северна Македонија е една од првите земји во регионот која ги започна законските реформи за ефективна борба против трговијата со луѓе и која има воспоставено одговорен, оперативен и координативен систем во согласност со релевантните меѓународни кон-венции и протоколи.

Проектот е поддржан од Европската Унија и Советот на Европа

Влада на Република Северна Македонија
Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

Кривичниот закон на РСМ во член **418-а го инкриминира** кривичното дело **„Трговија со луѓе"**.

**Дефиницијата** на „трговија со луѓе"[1] може да се подели во три главни групи на елементи според кривичното дело кои се однесуваат на **активностите** кои се преземаат во процесот на трговијата со луѓе, **средствата** кои ги употребуваат трговците и **целта** која ја имаат (експлоатација) во процесот на трговијата со луѓе.

Сите три елементи мора да бидат присутни и меѓусебно поврзани за да постои трговија со луѓе **(со исклучок на децата)**.

***Елементи на трговијата со луѓе***

***Активности:*** врбување, превезување, пренесување, прифаќање и засолнување на лица.
***Средства:*** сила, сериозна закана, заблуда или други форми на присилба, грабнување, измама, злоупотреба на положба или состојбата на бременост, немоќ, физичка или ментална неспособност, купување или продавање.
***Цел:***Експлоатација заради стекнување на материјална корист/профит, преку сите форми на трговија со луѓе.

## Форми на трговија со луѓе

- присилна проституција или други форми на сексуална експлоатација,
- порнографија,
- принудна работа или слугување,
- ропство,
- присилни бракови,
- присилна бременост,
- незаконито посвојување,
- питачење или експлотација заради со закон забранета активност или
- недозволено пресадување делови од човековото тело.

[1] Согласно Палермо протокол и Европска конвенција за акција против трговија со луѓе.

## ИНДИКАТОРИ

за идентификација на жртви на трговија со луѓе:

Претставуваат "индиции"/"показатели" кои укажуваат на можно постоење на трговија со луѓе, која се потврдува врз основа на извршена анализа и проценка на **собраните информации**, за процесот на регрутација, транспортот и експлоатација, **извршеното интервју**, обезбедени докази и однесување на лицето.

## Поделба на индикаторите

• **Директни индикатори** ги содржат трите елементи на дефиницијата на трговијата со луѓе (со исклучок на деца) и се делат на:

**Општи индикатори** (кои ги опишуваат општите карактеристики на феноменот на трговијата со луѓе) и

**Специфични индикатори** (кои се типични за одредени видови експлоатација).

**Општи индикатори:**

- Возраст,
- Пол,
- Локација на потекло,
- Документација,
- Превоз,
- Придружба,
- Физички изглед/ Знаци на злоупотреба
- Индикатори поврзани со однесувањето на жртвите на трговија со луѓе,
- Индикатори поврзани со опкружувањето на жртвите на трговија со луѓе,
- Индикатори поврзани со одредени недозволени дејствија:
  - Лична слобода,
  - Плаќање,
  - Услови за работа,
  - Услови на престој,
  - Насилство,
  - Зависност,
  - Уцена,
  - Регрутирање,
  - Измама.

• **Индиректни индикатори** содржат дел од елементите и со нив се идентификуваат **потенцијалните жртви** на трговија со луѓе.

**Специфични индикатори** поврзани со видови на експлоатација на жртвите:

- **СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА** - Лица на возраст под 30 години, одредени тетоважи кои укажуваат на сопственост, постојано ја менуваат локацијата, пронајдени се во ноќни клубови, присилени се да даваат сексуални услуги и др.
- **ТРУДОВА ЕКСПЛОАТАЦИЈА** - Лицата жртви на трговија со луѓе за цели на трудова експлоатација работат на сточарски фарми/бачила, земјоделски или градежни работи, плантажи, текстилна индустрија, фабрики, погони, рудници, приватни домови/услуги за чистење и одржување, салони за масажа, ноќни клубови, угостителски објекти итн.
- **ПИТАЧЕЊЕ И СИТЕН КРИМИНАЛ** - Лица на различна возраст: особено деца или возрасни лица, лица со хендикеп, мигранти, питачат/вршат ситни кражби.
- **ДОМАШНО СЛУГУВАЊЕ** - Живеат во семејство каде се експлоатирани, се хранат одделно од членовите на семејството, јадат остатоци од храна, немаат приватен простор и спијат во несоодветна просторија, никогаш не излегуваат сами и не комуницираат со средината, подложни се на навреди, малтретирање, закани и насилство.

## Деца жртви на трговија со луѓе:

**Општи индикатори:**

- Немаат контакт со родители или старатели,
- Не поседуваат лични документи или поседуваат фалсификувани документи,
- Патуваат без придружба на родител/старател,
- Возрасните со кои живее детето располагаат со негови документи и согласност од родителите,
- Лажат за возраста или не знаат колку години имаат,
- Не одат во училиште, не знаат да читаат и пишуваат,
- Занемарени се, запуштени, гладни и несоодветно облечени,
- Немаат здравствена заштита,
- Се обидуваат да избегаат од службените лица,
- Изгледаат исплашено, срамежливо, исцрпено, уморно, збунето и покажуваат знаци на физичка и ментална злоупотреба,